**ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**

**на Бирото за метрологија**

Бирото за метрологија е институција чија што задача се состои во целосна примена на одредбите од Законот за метрологија и исполнување на меѓународните обврски, со цел да се придонесе кон развојот на метролошкиот систем во Република Северна Македонија и негово препознавање на меѓународно ниво, за да се достигнат глобалните цели за квалитет на националната економија и ефективно да се исполни обврската за десеминација на SI мерните единици и знаењата од метрологијата.

Целите за квалитет на Бирото за метрологија се дефинираат во согласност со Стратешкиот план за развој на Бирото за метрологија и метролошката инфраструктура на Република Северна Македонија и исполнување на Акцискиот план, соодветно.
За остварување на стратешките цели, раководството и персоналот на Бирото за метрологија се целосно посветени кон воспоставување, одржување и континуирано подобрување на Системот за управување со квалитет, согласно МКС EN ISO/IEC 17025:2018, со непрекинато усовршување и докажување на знаењата на вработените, секогаш подготвени да излезат во пресрет на барањата на корисниците на нашите услуги.

Стратешките цели на Бирото за метрологија се во насока на:

- Обезбедување на следливост во мерењата до меѓународниот систем на мерни единици (SI) преку висока професионалност во извршување на задачите,
- Развивање и одржување на еталоните за калибрација со цел нивна меѓународна признаеност за исполнување на барањата на CIPM MRA (Меѓународен Аранжман за меѓусебно признавање на Сертификатите за калибрација),
- Доследна примена на методите за калибрација и тестирање, на документите од системот за управување со квалитет и другите документи значајни за работата на лабораториите,
- Подобрување на системот за управување со квалитет, преку континуирана обука на персоналот, развивање на методи за мерење, постојана и активна соработка со метролошки организации и институции, како и учество во меѓународни меѓулабораториски споредби.

Раководството на Бирото за метрологија целосно е посветено кон исполнување на целите за квалитет и континуирано подобрување на ефикасноста на Системот за управување со квалитет. Вработените во Бирото за метрологија се запознаени и постапуваат во согласност со политиката за квалитет и правилата, опишани во прирачникот за квалитет, процедурите, интерните акти и останатите документи.

Скопје, Август 2019

**ДИРЕКТОР**
**Мр Мерита Мустафаи**